Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-вата седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3796/1 од 05.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека погоре наведената пријава нема јасни наводи и укажувања за незаконитости и недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, заради стекнување корист за себе или за друг.

Предметот со архивски број 12-3796 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3796/1 од 05.11.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат. Во прилог на пријавата доставени се фотографии како докази.

Ценејќи ја содржината на доставената пријава и доставените докази, ДКСК констатира дека во предметот нема јасни наводи и укажувања за незаконитости и недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, заради стекнување корист за себе или за друг, за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д., член на ДКСК